ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 29.10.2013

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## За реализирана работна средба со здружение на граѓани за ретки болести „Живот со предизвици“

Директорот на ФЗОМ м-р Маја Парнарџиева Змејкова и нејзиниот тим одржа прва работна средба со претседателот на здружението на граѓани за ретки болести „Живот со предизвици“ Весна Стојмирова.



Досега пациентите заболени од ретки болести беа на товар на Програмата за ретки болести на Министерството за здравство, согласно Програмата за ретки болести.

Тема на разговор на оваа средба беше да се утврдат кои се потребите на здружението на граѓани за ретки болести и кои се нивните идните планови.

На средбата претседателот на здружението на граѓани „Живот со предизвици“ информираше дека во ова здружение членуваат пациенти со петнаесет дијагнози на заболувања, односно станува збор за педесет пациенти кои имаат различни ретки болести.

Фондот продолжува со практиката да остварува редовни директни средби со здруженијата на граѓани за да се најдат најдобрите начини да се унапреди квалитетот на здравствени услуги согласно потребите на самите пациенти и осигуреници.

Со почит,
ФЗОМ